Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 18.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6502 | 1 | |

во 12:44

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр.10-6478/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр.10-6478/1 од 16.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 76-а ставови 5, 7 и 9 од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр.10-6478/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 16.12.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр.10-6478/1 од 16.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6478/1 од 16.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека со мониторингот реализиран во периодот на изборната кампања (од 21 ноември до 9 декември 2016 година), минути за бесплатно политичко претставување се регистрирани на двата телевизиски сервиси на МРТ (МРТ1 и МРТ2) и на Првиот канал на Македонското радио. Бесплатното претставување е емитувано во терминот утврден во Изборниот законик и соодветно и видливо означено во текот на емитувањето, поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Слаѓана Димишкова ____________

3. Љубомир Костовски ____________________

4. Горан Трпеноски ____________________

5. Цветин Чилиманов ____________________